**Политика на приватност при аплицирање за стипендија**

Како контролор на лични податоци, ЕВН Македонија АД, Скопје и друштвата каде што е единствен/мнозински содружник[1] (во понатамошниот текст ЕВН) ги почитува сите начела поврзани со обработката на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци (во понатамошниот текст: ЗЗЛП).

Оваа политика дава информации за обработката на лични податоци доставени од кандидатите кои аплицираат за стипендија од ЕВН врз основа на објавен оглас за стипендирање (во понатамошниот текст: кандидати) а со цел избор на соодветен кандидат за стипендирање од ЕВН.

**Категории на лични податоци кои се предмет на обработка**

ЕВН ги обработува личните податоци на кандидатите кои аплицираат доставени со апликацијата:

- податоци за идентификација на кандидатот (име и презиме, место и датум на раѓање)

- контакт податоци (адреса, телефонски број, е-пошта)

- податоци за образование и други квалификации потребни за исполнување на условите за доделување на стипендија (податоци од биографија, потврда/уверение од образовни институции, потврда/уверение за остварени приходи, изјава)

**Цел и правна основа на обработка на личните податоци**

Со поднесување на апликацијата за стипендија на отворениот оглас, кандидатите доброволно ги доставуваат податоците кои се дел од условите за аплицирање за стипендија. Кандидатите се согласни да учествуваат во постапката на ЕВН за избор на соодветен кандитат со кој ќе биде склучен договор за стипендирање и нивните податоци да бидат обработувани за да се преземат активности од страна на ЕВН за комуникација со кандидатот во процесот на претставување и селекција.

**Споделување и безбедност на личните податоци**

Пристап до личните податоци имаат овластени вработени лица и ЕВН може да ги сподели личните податоци на кандидатите само доколку е потребно да се исполнат договорни или законски обврски, за осигурување на своите легитимни интереси или во рамки на веќе дадена согласност од страна на лицето кое аплицира.

Секое споделување на личните податоци во ЕВН и надвор од ЕВН се врши согласно ЗЗЛП односно се преземаат сите технички и организациски мерки за заштита од можен ризик на неовластен пристап до податоците.

**Чување на личните податоци**

Личните податоците на кандидатите се чуваат до завршување на постапката за избор на кандидат и документите доставени како доказ за исполнување на бараните услови за стипендирање ќе бидат избришани по склучување на договорот со избраниот кандидат или по повлекување на согласноста (апликацијата).

Личните податоци на кандидатот кој ќе биде избран во постапката и кој ќе склучи договор за стипендирање со ЕВН, ќе бидат пренесени во евиденцијата за стипендисти на ЕВН.

---

[1] ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ, Скопје; ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ, Скопје; ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

**Права на кандидатите**

Кандидатите имаат права (кои произлегуваат од ЗЗЛП) да побараат од ЕВН:

- право на информација за обработката

- право на пристап до личните податоци

- право на исправка и дополнување на личните податоци

- право на бришење на личните податоци

- право на ограничување на обработката

- право на преносливост на податоците

- право на приговор

- право на повлекување на согласноста (повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката, врз основа на дадената согласност пред нејзиното повлекување)

Барањето се доставува во е-форма на адресите lichnipodatoci@evn.mk или info@evn.mk. Доколку корисникот смета дека одредени права не се исполнети односно се загрозени може да се обрати до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Контролор на личните податоци**

ЕВН Македонија АД, Скопје
ул. „Лазар Личеноски„ бр. 11
1000 Скопје
info@evn.mk

**Офицер за заштита на лични податоци**

Ана Атанасовска
ул. „Лазар Личеноски„ бр. 11
1000 Скопје
lichnipodatoci@evn.mk